# Празните ѕидови украс на Запад, грдотија во Скопје

**На страничните ѕидови на зградите најчесто се гледаат голи тули, обични фасади или огромни реклами**

Голем број странични ѕидови на зградите во градот, пред сè во местата каде што во изминативе години се изградија многу нови објекти, зјаат празни. На нив најчесто се гледаат голи тули, дел градители вложиле дополнителна сума пари и ги прекриле со малтерна фасада, а други, пак, ги покриле со огромни рекламни билборди.

Станува збор за парцелите каде што инвеститорите, во согласност со деталните урбанистички планови, ги градат зградите до самата меѓа, односно границата со соседниот плац. На него треба да се изгради нов објект залепен до постојниот, па затоа од тие страни не може да се направат ниту прозорци, ниту тераси. Затоа се остава празен ѕид, кој стои така сè додека друг инвеститор не се одлучи да го изгради соседниот објект.

Жителите на градовите во Западна Европа, пред сè тие во Франција, на мошне инвентивен начин го решиле овој проблем со просторот. На празните ѕидови во француските градови Лион и Париз тие направиле вистински уметнички дела, нацртале огромни мурали. Поранешните голи странични ѕидови на објектите сега ги красат цртежи со пејзажи од природата, од згради, пристаништа, фарми за крави, врати и прозорци, или, пак, некои апстрактни уметнички дела.

За разлика од тие градови, кај нас секој можен празен простор на зградите се користи за истакнување што повеќе и што поголеми реклами, а недостасува иницијатива за поинаку да се облагороди просторот, смета **Коле Манев**, ликовен уметник и советник во градот Скопје, кој често престојувал во Франција.

- Градот се пренатрупа со билборди и со реклами. Тие се поставуваат секаде каде што има барем малку место. За жал, кај нас комерцијалното преовладува над естетското. Толку многу реклами не сум видел во ниту еден град. Во Франција има мурали, но и таму тие не се премногу чести. Оваа уметност е многу повеќе карактеристична за јужноамериканските земји, а во Европа полека замира. Не сум воопшто воодушевен од постојната состојба во Скопје. Просторот изгледа премногу агресивно поради рекламите. Мамутски билборди се поставуваат дури и над Културно-информативниот центар, кој е институција на градот Скопје. Значи таму, или на други слични места, дури и да се стави некој ликовен елемент, тој воопшто нема да се забележува. Што во ваква ситуација можеме да очекуваме за приватните објекти - вели Манев.

Тој додава дека главен проблем во градот е недостигот на иницијативи за да се направи нешто поинакво со празните ѕидови.

- За ова не можеме да бараме конкретна вина кај некого. Вината е кај сите. Досега ниту градот, ниту некоја општина, ниту советите не апелирала да се нацртаат мурали на ѕидовите. Иницијатива недостасува и кај Друштвото на ликовните уметници на Македонија, но и кај самите станари. Само некои индивидуални барања, како моето, веќе да се запре поставувањето нови реклами насекаде. Пред да го почнеме нашиот мандат немаше ниту половина од билбордите што ги има сега. Значи за четири години нивниот број се зголеми најмалку двојно - смета Манев.

Станари во згради на чии ѕидови се поставени реклами велат дека парите се главната причина поради оваа состојба.

- За да се нацрта нешто убаво некој треба да плати, а за да се постави реклама куќните совети ќе земат пари со кои ќе можат да ги одржуваат ходниците, скалите или лифтовите, наместо да собираат пари од станарите за тоа. На нашата зграда се постави реклама и сега имаме пари за цела година да ги финансираме заедничките потреби - вели **Станко Николовски**, жител на центарот.

Луѓе што живеат во згради со празни ѕидови без реклами, пак, велат дека тоа е така затоа што никој досега не се заинтересирал да залепи билборд на нив, но и куќните совети не им функционирале како што треба, за да побараат некоја рекламна агенција.

На скопјани, пак, воопшто не им се допаѓа тоа што градот е пренатрупан со рекламен простор.

- Се сеќавам кога порано воопшто немаше реклами. Изгледаше некако пусто, па кога почнаа да се поставуваат првите, тоа ни изгледаше некако европски. Но и оваа, како и многу други работи, излезе од контрола и сега повеќе се чувствувам како да живеам во некоја огромна маркетиншка агенција, а не во град. Празните ѕидови се одлична можност да се направи нешто убаво, но некој треба да се заангажира за тоа - вели скопјанецот **Милчо Ивановски**.

**Г.Т.**






**Реклама во Капиштец, цртеж од пристаниште во Париз**





**Голи тули во Дебар маало, уметничко дело во Лион**





**Празен ѕид во Буњаковец, пејзажи во Лион**

> Кај нас комерцијалното преовладува над естетското. Дури и да се стави некој ликовен елемент, тој воопшто нема да се забележува. Просторот изгледа премногу агресивно поради рекламите
>
> **Коле Манев**
> уметник и градски советник